**20251102405**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 259-б став 7 од Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07, 26/09, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12, 15/13, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 146/15, 193/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 224/24), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА ВО ВНАТРЕШНАТА, МЕЃУДРЖАВНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА ПЛОВИДБА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ОДОБРЕНИЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба и потребната документација, како и формата и содржината на образецот на одобрението.

Член 2

Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од членот 2 од овој правилник, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичкото лице е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба,
- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата на пристаништата),
- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба,
- доказ дека управителот, односно одговорното лице за превоз поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба,
- доказ дека има добар углед (правното или физичкото лице и одговорното лице во правното лице да нема во сила правосилна судска пресуда изречена за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај на внатрешните води и за други казниви дела за кои е предвидена затворска казна подолга од шест месеци) и
- доказ дека има солидна финансиска состојба (солидна финансиска состојба се смета дека има правно или физичко лице кое ги има намирени обврските по основ на јавни давачки спрема државата во последните шест месеци).

Член 4

Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Кон барањето од членот 4 од овој правилник, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичкото лице е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба,

- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата на пристаништата),

- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба,

- доказ дека управителот, односно одговорното лице за превоз поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба,

- доказ дека има добар углед (правното или физичкото лице и одговорното лице во правното лице да нема во сила правосилна судска пресуда изречена за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај на внатрешните води и за други казниви дела за кои е предвидена затворска казна подолга од шест месеци) и

- доказ дека има солидна финансиска состојба (солидна финансиска состојба се смета дека има правно или физичко лице кое ги има намирени обврските по основ на јавни давачки спрема државата во последните шест месеци).

Член 6

Одобрението за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на одобрението од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Одобрението за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на одобрението од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба и потребната документација, како и формата и содржината на образецот на одобрението („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр 59/19).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01 – 4149/1
27 мај 2025 година
Скопје

Министер за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

**Прилог** 1

До:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Б А Р А Њ Е**
за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во
внатрешната пловидба

______________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

______________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на стока во знатрешната пловидба со

______________________________________________________________
(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација ________________________________________________
(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** __________________
**Датум** _________________

Податоци за контакт:
Тел: ___________________
Електронска пошта: _____________________

Подносител на барањето

______________________

**Прилог 2**

**До:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Б А Р А Њ Е**
за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба

______________________________________________

___ (назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

______________________________________________

(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба со

______________________________________________

(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација

______________________________________________

(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** ________________________
**Датум**________________________

Податоци за контакт:
Тел:___________________________
Електронска пошта:________________________

Подносител на барањето

______________________

Прилог 3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**Број:**___________________________

**Датум:**_________________________

**О Д О Б Р Е Н И Е**

за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба

На ________________________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)

____________________________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба со:

- М/Б ___________________________________, запишан во Главната книга на регистарот на бродови, влошка ______, на страна ___________________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

- пловен објект _______________________, со рег.бр. __________,
(тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга ______, на страна _____, под број ___________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

М.П. __________________________________
(потпис на овластено лице)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Број:**________________________

**Датум:**______________________

## О Д О Б Р Е Н И Е

за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба

На ________________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)

________________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба со:

- М/Б ________________________________, запишан во Главната книга

на регистарот на бродови, влошка ______, на страна _________________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

- пловен објект ____________________, со рег.бр. __________
(тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга ______, на страна _____, под број __________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

М.П. ________________________
(потпис на овластено лице)